Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма за проектните активности во гимназиското образование за подрачјето *класични јазици*.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПОДРАЧЈЕ
# КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2018

# 1. ВОВЕД

Програмата за проектни активности од подрачјето *класични јацици* учениците може да ја изберат да ја реализираат во текот на своето гимназиско образование, во рамки на едно полугодие, согласно наставниот план, со вкупен фонд од 35 часа.

Програмата се реализира надвор од неделниот распоред на учениците, во договор со предметниот наствник. Начинот на реализација, како и методите на работа, при реализација на целите и избраните теми во рамки на програмата, наставникот во договор со учениците ги определува на првите 10-12 часа, а потоа учениците работат во парови/групи, а наставикот е ментор, ја следи работата на учениците, им дава насоки за реализација на проектната активност и нејзиното презентирање.

Проектните активности од областа на *класичните јазици* се значајни бидејќи класичната (грчко-римска) култура е извор на темелните културни, научни и општествени принципи врз кои е изградена современа Европа, нуди парадигми пожелни и неопходни во оформувањето на младите генерации. Преку истражувањата на содржини од ова подрачје се усвојуваат некои универзални морални и цивилизациски вредности и се придонесува во изградувањето на млади личности со широка општа култура.

Програмата нуди избор на содржини од темите јазик, историја на култура, митологија, уметност, секојдневен живот, што треба да се реализираат преку современи и инвентивни методи.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ

### 2.1. Општа цел

Ученикот/ученичката:

- да развива интерес за проучување на класичните јазици и античката култура како основа на класичната култура врз коишто се темелат културните, научните и општествените принципи врз коишто е изградена современа Европа.

### 2.2. Конкретни цели

Ученикот/ученичката:

- да ги продлабочи своите знаења од различни области на класичните јазици како основа за развивање на европските јазици;
- да ги продлабочи своите знаења за одделни книжевни родови зародени во антиката;
- да ги продлабочи своите знаења за митологијата и верувањата во антиката и нивното влијание во европската цивилизација;
- да ги продлабочи своите знаења за уметноста во антиката и влијанието што го има во развојот на европската уметност;
- да ги продлабочи своите знаења одликите на општествениот и приватниот живот во антиката како основа за развој на општествениот живот во Европа;
- да се оспособува да ги препознае одликите на античката култура во современата европска култура;
- да се оспособува да го препознава влијанието на одделни сегменти од античката култура (јазик, книжевност, уметност, верувања) во македонската култура.

## 3. ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

Проектните активности од подрачјето *класични јазици* може да се реаизраат во следните области:

- Класични јазици
- Старогрчка/Римска книжевност
- Митологија и верување во стара Грција/Рим
- Уметност во стара Грција/Рим
- Општествен и приватен живот во стара Грција/Рим
- Античкото наследство на теририторијата на Република Македонија

- **Класични јазици**

| **Теми**[1] | **Цели** | **Активности** |
|---|---|---|
| Потеклото на јазиците<br>- индоевропско семејство<br><br>Писма (микенско, алфабет, абецеда)<br><br>Писменост (средства и материјали на кои се пишувало, појава и различни облици на книгата)<br><br>Грцизмите во европските јазици (и во мајчиниот јазик)<br><br>Латинизмите во европските јазици (и во мајчиниот јазик)<br><br>Други теми по избор на учениците | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи своите знаења за класичните јазици преку водење проекти на различни теми од областа *класични јазици*<br>- -да развива вештини за организација на работата/задачите;<br>- да се оспособува да користи различни извори на знаења<br>- да се оспособува да води истражување на определена тема;<br>- да се оспособува да ги интерпретира и користи добиените податоци од различни извори;<br>- да развива креативен и творечки дух;<br>- да се оспособува да ги презентира сознанијата/резултатите од реализирана проектна активност (определна тема). | Истражувања според дефиниран проблем (тема)<br><br>Активности:<br>- дефинирање тема (проблем) на истражување;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- прибирање податоци, литература и други извори;<br>(теренска работа, разговор со стручни лица, посета на институции и сл.);<br>- обработка на податоците<br>- средување на податоците и анализа на резултатите;<br>- проверување на целите/хипотезите на истражувањето и заклучување;<br>- изработка на приказ (извештај) од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

[1] Темите се дадени како примери, оставајќи можност за надополнување според афинитетите и интересите на учениците.

- **Старогрчка/Римска книжевност**

| **Теми** | **Цели** | **Активности** |
| --- | --- | --- |
| Усна книжевна традиција<br><br>Авторска книжевност<br><br>Еп<br>Драма<br>Трагедија<br>Комедија<br>Лирика<br>Говорништво<br>Реторика<br><br>Други теми по избор на учениците | Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги продлабочи своите знаења за класичните јазици преку водење проекти на различни теми од областа на *Античката книжевност (Старогрчка/Римска)*<br>- -да развива вештини за организација на работата/задачите;<br>- да се оспособува да користи различни извори на знаења<br>- да се оспособува да води истражување на определена тема;<br>- да се оспособува да ги интерпретира и користи добиените податоци од различни извори;<br>- да развива креативен и творечки дух;<br>- да се оспособува да ги презентира сознанијата/резултатите од реализирана проектна активност (определна тема). | Истражувања според дефиниран проблем (тема)<br><br>Активности:<br>- дефинирање тема (проблем) на истражување;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- прибирање податоци, литература и други извори;<br>(теренска работа, разговор со стручни лица, посета на институции и сл.);<br>- обработка на податоците<br>- средување на податоците и анализа на резултатите;<br>- проверување на целите/хипотезите на истражувањето и заклучување;<br>- изработка на приказ (извештај) од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

- **Митологија и верување во стара Грција/Рим**

| **Теми** | **Цели** | **Активности** |
|---|---|---|
| Хеленска митологија<br>Римска митологија<br>Античко митолошко наследство во европската култура<br>Мистерии<br><br>Други теми по избор на учениците | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи своите знаења за класичните јазици преку водење проекти на различни теми од областа *Митологија и верување во стара Грција/Рим*<br>- -да развива вештини за организација на работата/задачите;<br>- да се оспособува да користи различни извори на знаења<br>- да се оспособува да води истражување на определена тема;<br>- да се оспособува да ги интерпретира и користи добиените податоци од различни извори;<br>- да развива креативен и творечки дух;<br>- да се оспособува да ги презентира сознанијата/резултатите од реализирана проектна активност (определна тема). | Истражувања според дефиниран проблем (тема)<br><br>Активности:<br>- дефинирање тема (проблем) на истражување;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- прибирање податоци, литература и други извори;<br>(теренска работа, разговор со стручни лица, посета на институции и сл.);<br>- обработка на податоците<br>- средување на податоците и анализа на резултатите;<br>- проверување на целите/хипотезите на истражувањето и заклучување;<br>- изработка на приказ (извештај) од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

- **Уметност во Стара Грција/Рим**

| **Теми** | **Цели** | **Активности** |
|---|---|---|
| Архитектура<br>Вајарство<br>Вазно сликарство<br>Мозаик<br>Фреско-сликарство<br><br>Други теми по избор на учениците | Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги продлабочи своите знаења за класичните јазици преку водење проекти на различни теми од областа *Уметност во Стара Грција/Рим*<br>- -да развива вештини за организација на работата/задачите;<br>- да се оспособува да користи различни извори на знаења<br>- да се оспособува да води истражување на определена тема;<br>- да се оспособува да ги интерпретира и користи добиените податоци од различни извори;<br>- да развива креативен и творечки дух;<br>- да се оспособува да ги презентира сознанијата/резултатите од реализирана проектна активност (определна тема). | Истражувања според дефиниран проблем (тема)<br><br>Активности:<br>- дефинирање тема (проблем) на истражување;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- прибирање податоци, литература и други извори;<br>(теренска работа, разговор со стручни лица, посета на институции и сл.);<br>- обработка на податоците<br>- средување на податоците и анализа на резултатите;<br>- проверување на целите/хипотезите на истражувањето и заклучување;<br>- изработка на приказ (извештај) од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

- **Општествен и приватен живот во стара Грција/Рим**

| **Теми** | **Цели** | **Активности** |
| --- | --- | --- |
| Образование<br>Семејство<br>Готварство<br>Облека<br>Облици на јавен живот<br><br>Други теми по избор на учениците | Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги продлабочи своите знаења за класичните јазици преку водење проекти на различни теми од областа *општествен и приватен живот во стара Грција/Рим*<br>- -да развива вештини за организација на работата/задачите;<br>- да се оспособува да користи различни извори на знаења<br>- да се оспособува да води истражување на определена тема;<br>- да се оспособува да ги интерпретира и користи добиените податоци од различни извори;<br>- да развива креативен и творечки дух;<br>- да се оспособува да ги презентира сознанијата/резултатите од реализирана проектна активност (определна тема). | Истражувања според дефиниран проблем (тема)<br><br>Активности:<br>- дефинирање тема (проблем) на истражување;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- прибирање податоци, литература и други извори;<br>(теренска работа, разговор со стручни лица, посета на институции и сл.);<br>- обработка на податоците<br>- средување на податоците и анализа на резултатите;<br>- проверување на целите/хипотезите на истражувањето и заклучување;<br>- изработка на приказ (извештај) од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

- **Античкото наследство на терииторијата на Република Македонија**

| Теми | Цели | Активности |
|---|---|---|
| Локалитети<br>- Скупи<br>- Стоби<br>- Хераклеја<br>- Лихнидос<br><br>Други теми по избор на учениците | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи своите знаења за класичните јазици преку водење проекти на различни теми од областа *Античкото наследство на терииторијата на Република Македонија*<br>- -да развива вештини за организација на работата/задачите;<br>- да се оспособува да користи различни извори на знаења<br>- да се оспособува да води истражување на определена тема;<br>- да се оспособува да ги интерпретира и користи добиените податоци од различни извори;<br>- да развива креативен и творечки дух;<br>- да се оспособува да ги презентира сознанијата/резултатите од реализирана проектна активност (определна тема). | Истражувања според дефиниран проблем (тема)<br><br>Активности:<br>- дефинирање тема (проблем) на истражување;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- прибирање податоци, литература и други извори;<br>(теренска работа, разговор со стручни лица, посета на институции и сл.);<br>- обработка на податоците<br>- средување на податоците и анализа на резултатите;<br>- проверување на целите/хипотезите на истражувањето и заклучување;<br>- изработка на приказ (извештај) од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ

Реализиацијата на програмата од подрачјето *класични јазици* околу една третина од времето (10-12 часа) може да се користи за дискусии и едукативни работилници на темите предвидени со програмата. Наставникот на овие часови ги запознава учениците со областите и теми од коишто учениците ќе можат да изберат да ја работат својата проектна активност. Наставникот им дава насоки на учениците и за методологијата на работа на проектните активности (фази на истражувањето, потребна литература, соодветни институции за соработка, начин на презентирање на резултатите од истражувањата или начин на презентација на проектите итн.) Останатите две третини (23-25 часа) од времето се предвидени за водење на ученички проекти на теми поврзани со програмата за подрачјето класични јазици. Се остава слобода на наставникот и учениците да се договорат за начинот на организирање на времето за реализација бидејќи при реализацијата на проектите учениците ќе истражуваат, соработуваат со други институции и експерти што бара и работа надвор од училиштето. Се препорачува проектните активности да се реализираат во текот на едно полугодие со цел да се одржи мотивацијата и интензитетот на активностите.

Се препорачува повеќе ученици да изберат да работат на една тема (најмногу до седум ученици), за да се поттикне тимската работа, но и секој од учениците да се вклучи во активностите во делот што смета дека најдобро може да го сработи, а при тоа да ја следи работата и да учествува во сите фази на изработка на проектот.

Проектната активност поради својата специфичност бара од наставникот со својата менторска улога да изнаоѓа нови и разновидни методолошки решенија за постигање на целта: вештина за добра организација, помош при формирање на групи, помош или сугестии при изборот на области или теми, инструктивна помош на ученикот (групата), советодавна помош во текот на подготовките на проектната задача, неформална и послободна комуникација и поголема доверба со учениците. Во процесот на реализација на проектната активност, наставникот има улога на организатор, водич, координатор и набљудувач на работата на учениците. Во проектните активности акцентот се става на ученикот/ученичката, кој/која избира област/тема по сопствен избор.

Ученикот/ученичката е обврзан/а да избере проектна активност согласно своите афинитети и желби и истата да ја реализира во текот на едно полугодие, да ги следи упатствата на наставникот и да соработува со наставникот, со другите ученици од групата (при групна активност), по потреба со други наставници, со лица од стручната служба во училиштето, со стручни лица надвор од училиштето, со институции од областа на културата, образованието, уметноста, медиуми и сл. Ученикот/ученичката во процесот на реализација на проектната активност од самостојно избирање на темата до финалната презентација на проектната задача има обврска доследно, ангажирано и организирано да истражува, да бара различни можности и решенија за успешно завршување на проектната задача.

Проектите може да бидат презентирани како постер-презентации, изложби, училишни весници, видео филмови, кампањи итн., во соработка со други училишта, институции (владини и невладини) и експерти од различни области.

## 5. СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставникот за секоја проектна активност што ја води група ученици (за секој ученик одделно) прибира и води евиденција за сите фази на активноста која опфаќа: планирање на проектот, инструменти, обработка на податоци, презентирање на резултатите, планирање на акцијата, евиденција за текот на акцијата и согледување на тимот што ја водел проектната активност за промените што се случиле.

Наставникот ја следи работата на секој тим, води грижа сите ученици во тимот да бидат вклучени согласно способностите и интересите и секој ученик да има увид во целокупната проектна активност.

Наставникот ја води евиденцијата за реализацијата на проектните активности и успешноста на учениците.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР

Проектните активности од подрачјето *класични јазици* ги реализира наставник со завршени класични студии (VII/1 или 240 ЕКТС).

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за проектните активности во гимназиското образование за подрачјето *класични јазици*, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

**Арх.бр. 12-11336/2**
**4.10.2018 година**

**Министер**

__________________________

**Dr. Arbër Ademi**

Изготвил: работна група
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор